MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- Сектор за управување со човечки ресурси-
- Sektori për Menaxhim me Resurse Njerëzore -

**Архивски број:** 04-6052/10
**Датум:** 17-09-2026

Врз основа на член 10 и член 52 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 154/15, 48/15, 142/16 и 11/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), министерот за социјална политика, демографија и млади донесе:

## ОДЛУКА
### за избор на кандидати за унапредување по интерен оглас број 06/2026

1. Административниот службеник Ивана Антевска Филиповски се избира за извршител на работните задачи за работното место:
- УПР0101В01000 Советник за имплементација на ЕУ програми и фондови, Одделение за имплементација на ЕУ програми и фондови, Сектор за ЕУ програми и фондови

2. Административниот службеник Насуф Демири се избира за извршител на работните задачи за работното место:
- УПР0101В01000 Советник-Нормативно-правна и управна постапка за остварување за боречка и инвалидска заштита во втор степен, Одделение за остварување на права од боречка и инвалидска заштита, Сектор за боречка и инвалидска заштита

3. Унапредувањето на административните службеници од точка 1 и 2 ќе се изврши по конечноста на одлуката.

## О б р а з л о ж е н и е

На веб страната на министерството за социјална политика, демографија и млади и Агенцијата за администрација, на 02.09.2026 година објавен е интерен оглас бр.06/2026 за унапредување на административните службеници на следните работни места:

1. УПР0101В01000 Советник за имплементација на ЕУ програми и фондови, Одделение за имплементација на ЕУ програми и фондови, Сектор за ЕУ програми и фондови, 1 (еден) извршител

2. УПР0101В01000 Советник-Нормативно-правна и управна постапка за остварување за боречка и инвалидска заштита во втор степен, Одделение за


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

остварување на права од боречка и инвалидска заштита, Сектор за боречка и инвалидска заштита, 1 (еден) извршител

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници формирана од министерот со решение бр.04-6052/5 од 11.09.2026 година, спроведе административна селекција и согласно Записникот за административна селекција за интерен оглас бр. 04-6052/7 од 16.09.2026 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју бр.04-6052/8 од 16.09.2026 година, подготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат до министерот за социјална политика, демографија и млади.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Министерството за социјална политика, демографија и млади до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката.

**Министер**
**Ѓоко Велковски**

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE
СКОПЈЕ-SHKUP

Изработил: Емилија Печинска
Одобрил: Александра К.Ангеловска
Согласен: Јулијана Павковска Боцевска


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk